МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 154 став (6) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, ГОЛЕМИНАТА И УПОТРЕБАТА НА ОЗНАКИТЕ И ЗНАЦИТЕ „ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛО“, „ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА“ И „ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ“ (*)

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на комисијата (ЕЗ) 1216/2007 од 18 октомври 2007 година за утврдување на деталните правила за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 509/2006 на Советот за земјоделски и прехранбени производи како гарантирани традиционални специјалитети, со Регулативата на комисијата (ЕЗ) 1898/2006 од 14 декември 2006 година за утврдување на правила за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 510/2006 на Советот за заштита на географски ознаки и ознаки за потекло на земјоделски и прехранбени производи и со Регулатива на комисијата (ЕЗ) 0628/2008 од 02 јули 2008 година која ја менува Регулативата на комисијата(ЕС) Бр. 1898/2006 која ги утврдува деталните правила за спроведување на Регулативата на Советот (ЕС) Бр. 510/2006 за заштита на географските подрачја и означување на потекло на земјоделските и прехрамбените производи, CELEX бр. 32007R1216, CELEX бр. 32006R1898 и CELEX бр. 32008R0628

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, големината и употребата на ознаките и знаците „ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛО”, „ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА” и „ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ”.

**Член 2**

(1) Знакот кој ја содржи ознаката „ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛО” има кружна форма со црвено бела основа.

(2) Во средишниот дел на знакот има жолто сонце со осум краци на црвена кружна основа. На белата основа на знакот во кружна форма испишана е ознаката „ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛО“. На долниот дел од белата основа испишана е кратенката од ознаката „ЗОП“. За црвените елементи од знакот секаде се употребува црвена боја (100% yellow + 100% magenta од CMYK палетата на бои), додека за жолтите елементи се употребува жолта боја (100% yellow од CMYK палетата на бои).

(3) Ознаката и кратенката на ознаката од став (2) на овој член се со црвена боја (100% yellow + 100% magenta од CMYK палетата на бои) и се напишани во фонт Arial Narrow – bold со македонска поддршка.

(4) Формата и содржината на знакот и ознаката од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Знакот кој ја содржи ознаката „ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА” има кружна форма со жолта основа.

(2) Во средишниот дел на знакот има жолто сонце со осум краци на црвена кружна основа. На жолтата основа на знакот во кружна форма испишана е ознаката „ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА“. На долниот дел од црвената основа испишана е кратенката од ознаката „ЗГО“.За црвените елементи од знакот секаде се употребува црвена боја (100% yellow + 100% magenta од CMYK палетата на бои), додека за жолтите елементи се употребува жолта боја (100% yellow од CMYK палетата на бои).

(3) Ознаката и кратенката на ознаката од став (2) на овој член се со црвена боја (100% yellow + 100% magenta од CMYK палетата на бои) и се напишани во фонт Arial Narrow – bold со македонска поддршка.

(4) Формата и содржината на знакот и ознаката од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

(1) Знакот кој ја содржи ознаката „ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ” има кружна форма со црвена основа.

(2) Во средишниот дел на знакот има жолто сонце со осум краци на црвена кружна основа. На црвената основа на знакот во кружна форма испишана е ознаката „ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ“. На долниот дел од црвената основа испишана е

кратенката од ознаката „ГТС“.За црвените елементи од знакот секаде се употребува црвена боја (100% yellow + 100% magenta од CMYK палетата на бои), додека за жолтите елементи се употребува жолта боја (100% yellow од CMYK палетата на бои).

(3) Ознаката и кратенката на ознаката од став (2) на овој член се со жолта боја (100% yellow од CMYK палетата на бои) и се напишани во фонт Arial Narrow – bold со македонска поддршка.

(4) Формата и содржината на знакот и ознаката од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

(1) Знаците од член 2, 3 и 4 на овој правилник се печатат на пакувањето од производот со големина на дијаметар не помала од 20 милиметри.

(2) Знаците од член 2, 3 и 4 на овој правилник може да се обрабат со бела боја однадвор со максимална ширина од 0,5 милиметри, доколку тоа го подобрува визуелниот ефект на знаците, но дијаметарот од став 1 на овој член не треба да се менува.

**Член 6**

Знаците од член 2, 3 и 4 на овој правилник не треба да се употребуваат во негатив и не треба да се врши непропорционално зголемување и намалување, делумно прикажување и ротирање.

**Член 7**

По исклучок од член 2, 3 и 4 на овој правилник знаците може да се употребуваат во нијанси на сиво или во црно бела варијанта, само во случаи кога со тоа се олеснува нивното распознавање или пак употребата на знаците е посоодветна со таа боја и дизајнот на пакувањето.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-96/4<br>8 февруари 2012 година<br>Скопје

Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1




Црвена боја - 100% yellow + 100% magenta
CMYK палета

Жолта боја - 100% yellow
CMYK палета

Прилог 2




Црвена боја - 100% yellow + 100% magenta
CMYK палета

Жолта боја - 100% yellow
CMYK палета

Прилог 3


9,2%
6,5%
3%
18,75%
25%
62,5%
8%
ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ
ГТС
Ш=100%
Црвена боја - 100% yellow + 100% magenta
CMYK палета
Жолта боја - 100% yellow
CMYK палета